# Дотации за олеснување на плаќањето станарина поради КОВИД-19

Прашања и одговори

Information in Macedonian

## Што е дотација за олеснување на плаќањето станарина (rent relief grant)?

Викториската влада отвори фонд од 80 милиони долари за помош за станарина (кирија), наменет за луѓето кои плаќаат станарина за домовите во кои живеат.

Фондот е на располагање на жителите на Викторија кои останаа без приходи поради пандемијата на коронавирусот (КОВИД-19).

Жителите на Викторија кои имаат тешкотии да ја платат станарината може да имаат право на дотација (grant) до 3.000 долари.

## Кој има право на дотацијата за олеснување на плаќањето станарина?

За да имате право на дотацијата, вие мора:

- со сопственикот на вашиот дом да се договорите за намалување на станарината и новиот договор за станарина да го регистрирате во Службата за потрошувачки прашања на Викторија (Consumer Affairs Victoria). Ако со сопственикот не можете да постигнете согласност, може да побарате помош од Службата за потрошувачки прашања на Викторија (Consumer Affairs Victoria)
- вашите приходи мора да бидат помалку од 1.903 долари неделно
- и вашата заштеда мора да биде помалку од 10.000 долари.

За подносителите на барање не постојат услови во поглед на државјанство и постојано жителство.

## Како да поднесам барање за дотација?

Ако новиот договор за станарина сте го регистрирале во Службата за потрошувачки прашања на Викторија (Consumer Affairs Victoria), барањето за дотација за олеснување на плаќањето станарина може да го поднесете преку <https://rentrelief.covid19.dhhs.vic.gov.au/>.

## За што дотацијата може да се користи?

Ако дотацијата ви биде одобрена, таа ќе му биде уплатена директно на сопственикот на куќата или станот во кој живеете како аванс (credit) за станарината според новиот договор.

## Каде може да најдам повеќе информации?

За најнови информации за дотациите за олеснување на плаќањето станарина поради КОВИД-19, видете на <https://www.housing.vic.gov.au/help-renting/rentrelief>

За да го регистрирате вашиот нов договор за станарина или побарате помош од Службата за потрошувачки прашања на Викторија (Consumer Affairs Victoria, одете на

<https://www.consumer.vic.gov.au/resources-and-tools/advice-in-a-disaster/coronavirus-covid19-and-your-rights/renting-rules-and-support-during-the-moratorium>

Ако ви треба помош од преведувач за која и да е од горните информации, јавете се на Службата за писмено и усно преведување (Translating and Interpreting Service - TIS National) на 131 450.

Одобрила и објавила Владата на Викторија, 1 Treasury Place, Melbourne.

© Држава Викторија, Австралија, Министерство за здравје и социјални служби (Department of Health and Human Services), септември 2020.

VICTORIA State Government | Health and Human Services